# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА” ОД ПРОФ. Д-Р ДИМКО ДИМЕСКИ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-115/8 од 12.12.2016 год., на 54. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 12.12.2016 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Винета Сребренкоска, вонреден професор на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Киро Мојсов, вонреден професор на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ“ од авторот проф. д-р Димко Димески, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Е-учебникот „Текстилни влакна“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет за предметот Текстилни влакна, со фонд на часови 3+2+2 на студиските програми Технологија на текстил и облека и Дизајн на текстил и облека. Одредени поглавја од учебникот се наменети за додипломските студии по предметите: Испитување на текстилот, со фонд на часови 3+2+2 и Технологија на текстил, со фонд на часови 3+2+2.

**Податоци за обемот на ракописот**

Е-учебникот се состои од четири целини:

1. Класификација на текстилни влакна,
2. Структура на текстилните влакна,
3. Барања за текстилните влакна,
4. Формирање на влакната и морфологија,
5. Целулозни влакна,
6. Протеински влакна,
7. Синтетички влакна.

Ракописот се состои од 255 страници, поделени на 53 тематски целини со 189 слики и 29 табели.

Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената Наставна програма по предметот Текстилни влакна на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината**

Првата глава на овој учебник е посветена на класификацијата на влакната, во втората глава е дефинирана структурата на текстилните влакна, а во третата глава начинот на нивното формирање и нивната морфологија. Во следните глави се презентирани комплетните карактеристики на најзастапените целулозни, протеински и синтетички влакна, како и нивните компаративни разлики. Дефинирани се факторите кои влијаат врз механичките карактеристики на влакната и какво е нивното влијание врз одделни влакна.

## З А К Л У Ч О К

Е-учебникот е напишан на јасен и разбирлив јазик со технички прецизни дефиниции и јасни процедури за механичките својства на текстилните материјали.

Сите ознаки и единици во текстот и задачите се во склад со меѓународниот систем на мерни единици.

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Текстилни влакна на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен.

Квалитетот на е-учебникот од педагошки и од научен аспект е соодветен за студентите на прв и на втор циклус студии.

Заради тоа, е-учебникот го категоризираме како рецензиран е-учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Винета Сребренкоска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Киро Мојсов, вонреден професор, с.р.**